Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 7 и член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден _.10.2026 година донесе,

О Д Л У К А
за прифаќање на донација од група на граѓани од Велес
за реконструкција на партер помеѓу колективни згради

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од давателот на донација група на граѓани од Велес преку претставникот Костадин Саздов со место на живеење во Велес на ул.„Крсте Мисирков“ бр.13/25, на „Основен проект за реконструкција на партер помеѓу колективни згради на ул.„Крсте Мисирков“, ул. „Методија Андонов Ченто“, ул. „Христо Узунов“ и ул. „Борис Трајковски“, Општина Велес на дел од КП 1503/1 КО Велес, со извршена ревизија, во вкупна вредност од 480 000,оо денари со вклучен ДДВ.

Член 2

По влегување во сила на оваа Одлука за донација, од страна на групата граѓани од Велес ќе се пристапи кон одобрување на Основен проект за реконструкција на партер помеѓу колективни згради на ул.„Крсте Мисирков“, ул.„Методија Андонов Ченто“, ул.„Христо Узунов“ и ул.„Борис Трајковски“, Општина Велес на дел од КП 1503/1 КО Велес и извештај за ревизија.

Член 3

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како примател и претставникот на групата граѓани, Костадин Саздов од Велес, како даватели на донацијата, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Група на граѓани од Велес преку претставникот Костадин Саздов со место на живеење во Велес на ул.„Крсте Мисирков“бр.13/25, на ден 22.10.2026 година до Општина Велес поднесоа Барање за прифаќање на донација со број 09-4491/1 од 22.10.2026 година, со кое изразуваат подготвеност на Општина Велес да и донираат комплетна проектна документација со наслов:

-„Основен проект за реконструкција на партер помеѓу колективни згради на ул.„Крсте Мисирков“, ул.„Методија Андонов Ченто“, ул.„Христо Узунов“ и ул.„Борис Трајковски“, Општина Велес на дел од КП 1503/1 КО Велес, со извршена ревизија “.

Проектната документација која е предмет на донација опфаќа комплетна документација согласно законските основи и Проектна програма за реконструкција на партерот помеѓу зградите, со површина од 4 100 м2.

Во барањето за прифаќање на донацијата групата граѓани преку својот претставник Костадин Саздов од Велес, наведуваат дека целта на донацијата е да се обезбеди стручна и квалитетна проектна документација според која ќе се добие решение за реконструкција кое ќе послужи за реализација на партерното уредување и безбедноста на сите станари и жители и дека таквиот проект исто така е во интерес на Општината.

Во прилог на барањето доставени се потписи од групата на граѓани кои живеат во зграда 1 и зграда 2 на КП 1503/1 КО Велес и Идејно решение за реконструкција на партер помеѓу згради на ул.Крсте Мисирков, ул.Методија Андонов Ченто, ул.Христо Узунов и ул.Борис Трајковски (дел од КП бр.1503/1 КО Велес) Велес“.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

Прим. на: 22 -10- 2026

Орг. ед.		Број	Вредност
09-4491/1		1	

Архивски знак: _____
Рок на чување: _____
_____ 20 ____ год.
Потпис,

До

Општина Велес
Совет на Општина Велес

Предмет: Барање за прифаќање на донација од група на граѓани

Почитувани,

Во прилог на овој допис, ние како група на граѓани со место на живеење на улиците Крсте Мисирков, Методија Андонов Ченто, Христо Узунов и Борис Трајковски застапувани од лицето Костадин Саздов со место на живеење на ул.„Крсте Мисирков“ бр.13/25 со ЕМБС 2203978480018 изразуваме подготвеност на Општина Велес да и дониpаме комплетна проектна документација со ревизија со наслов:

„Основен проект за реконструкција на партер помеѓу колективни згради на ул.„Крсте Мисирков“, ул. „Методија Андонов Ченто“, ул.„Христо Узунов“ и ул. „Борис Трајковски“, Општина Велес на дел од КП 1503/1 КО Велес со Извештај од со извршена стручна ревизија.

Вредноста на горенаведената документација е 480.000,00 денари + ДДВ.
Опфат на проектната документација е 4100m^2
Документацијата опфаќа комплетна проектна документација согласно законските основи и Проектна програма за реконструкција на партерот помеѓу зградите.
Целта на донацијата е да се обезбеди стручна и квалитетна проектна документација според која ќе се добие Решение за реконструкција кое ќе послужи за реализација за партерното уредување и безбедноста на сите станари и жители. Овој проект ќе биде и во интерес на општината и на сите граѓани кои гравитираат на дадената локација.
Ве молиме ова наше барање и донација да бидат разгледани од страна на Општината и Советот на Велес и да биде донесена позитивна одлука за нејзино прифаќање согласно важечките законски прописи.

Со почит,

Претставник на група граѓани

Костадин Саздов

Велес
22.10.2026 година

Група на граѓани со нивеланите во двете згради на ул. Борис Трајковски кај СИД за стадување

Зграда 1 и 2

1. Маја Богатинова
2. Селмаков Александар
3. Ацев Трајче
4. Цветанка Гаревска Јаневска
5. Тоше Богатинов
6. Кире Димовски
7. Лилјана Николовска Димовска
8. Соња Лајгова
9. Ацев Даниела
10. Јанева Зајорка Ј. Јанева
11. Ристе Апчев
12. Иванова Снежана С.И.
13. Славе Велков
14. Станислава Ристовска Велкова
15. Верица Тодоровска Гаџева
16. Михајло Дојчев
17. Христина Стојческа
18. Снежана Сбасовска С. Сбас
19. Стојанов Ангел
20. Ивана Стојанова И.С.
21. Илија Илиовски
22. Виолина Илиова - В.И.
23. Горан Илиов - Г.И.
24. Вобан Темелковски -
25. Пиперановски Алексис

Идејно решение за реконструкција на партер помеѓу колективни згради на ул.„Крсте Мисирков“, ул. „Методија Андонов Ченто“, ул. „Христо Узунов“ и ул. „Борис Трајковски“, Општина Велес на дел од КП 1503/1 КО Велес

ул.Крсте Мисирков

ul. HRISTO UZUNOV

ul. BORIS TRAJKOVSKI

ул. МЕТОДИЈА АНДОНОВ ЧЕНТО

БЕТОН

ЗЕМЈА

ПАРКИНГ

СИЗ

постоечка состојба

ул.Крсте Мисирков

ul. HRISTO UZUNOV

ul. BORIS TRAJKOVSKI

ул. МЕТОДИЈА АНДОНОВ ЧЕНТО

павер елемент за паркинг

базалтна коцка / хексагон

трева и зеленило

чакал

гума во плочи

столб - преграда

топка - преграда

корпа за отпадоци

контејнери за рециклирање

подземни контејнери

БЕТОН

ЗЕМЈА

ПАРКИНГ

СИЗ

планирана состојба

Фотографии од локација


SFKM






Punto









VE-321-BL



VE 321-PL


VE 8404 AC






































A.C.A.B
GV94
VE 4517 AO


























VE 4194 AC






VE 8654 AC


VE 9683 AB
VE 1389 AC










Sidonia Sun


VE 8448 AC








SK 3506 AC




VE 8109 AB


VE 5331 AC
VE 8109 AB




VE 8109 AB




VE 9232 AD


VE 9232 AD












VE 7530 AD
VE 9232 AD


VE 7530 AD
VE 9232 AD


VE 3354 AD


TIANKE


ΑΛΦΑ
ΜΑΡΚΕΤ





Визуелизација на идејно решение

